Bayvarol лентите се употребуваат за диагносицирање и лечење на пчелините семејства заразени со опасниот паразит Вроа деструктор. Неможеме ниту да ви го препорачаме , ниту да го осудуваме овој производ.

Информациите што се објавени овде се веќе јавно објавени информации на интернет на англиски и други јазици . Информациите се поставени тука за образование на оние што сакаат да ги прочитаат. Повеќето од информациите презентирани овде се од Баер брошура. Дополнителни информации се достапни на барање од Баер.

Пред да го употребиш овој производ треба да проверите пред се дали законот во вашата земја го дозволува тоа.
Варроа деструктор крлржите претставуваат сериозен проблем за хобистите но и за професионалните пчелари. Доклолку Варроа-та не се контролира , тоа може сериозно да го оштети и на крајот да го уништи целиот пчеларник. Ова може да биде катастрофа, не само за пчеларите, туку исто така и за земјоделците а пред се полјоделците, особено овоштарите и лозарите, кои во голема мера зависат од пчелиното опрашване на нивните култури.

А тоа е лоша вест за животната средина, бидејки пчелите се важен дел од играта во одржување на рамнотежата на природата.

Варроасис е сериозен проблем што бара професионално решение. Баер врши истражувања и развој на заштитни средства за да обезбеди контртола во присуството на Варроа -та во пчелините семејства и спречување на нивното изумирање. Едно од решенијата кое нуди ефикасно управување со присуството на варроа деструктор во пчелините семејства се Bayvarol пластичните лентички.
Како да се користи Bayvarol пластичната лента
Bayvarol најчесто се поставува помеѓу рамките во централната област за одгледување потомство на таков начин на кој тие се достапни за пчелите на двете страни.



[redacted]